# Наши шуми

БРОЈ 80. СЕПТЕМВРИ, 2021

**ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ**



ФОТО:МИРЗА ЧЕНГИЌ


национални
шуми
во партнерство со природата
ФОТО:МИРЗА ЧЕНГИЌ

ISSN 1409-785

Импресум • Наши шуми • број 80 септември 2021

## ИЗВЕШТАЈ



Извештајот за работењето за 2020 год. е изработен во согласност со податоците од Годишната сметка за 2020 год. и планираните и остварени резултати од работењето во сите сегменти од производниот процес.Од анализата на податоците за извршените работи во областа на користење на шумите, се забележува дека во текот на 2020 год. е извршена сеча и изработка на 480.002 м3 вкупна дрвна маса.

## ИНВЕСТИЦИИ



Проблематиката на планирање и реализација на инвестициите спаѓа во есенцијалните проблеми на секој општествен систем. Инвестициите се основен услов и средство за реализација и развој на секое претпријатие. За да оствари континуитет во процесот на развојот секое претпријатие мора да инвестира, односно да вложува сопствени или позајмени средства, да ги намалува трошоците и да создава поволни услови за да може да инвестира во сопствениот развој. Инвестициите претставуваат неопходност бидејќи развојот на секое претпријатие зависи од добро планирање и ефикасно реализирање на инвестициите.

## ОБНОВУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПОВРШИНИ ЗА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА



Целта на пошумувањето е да се санираат штетите од пожарите кои се случија ова лето и да се зазеленат голините на планините утврдени како редовна активност за пошумување. На настанот во атарот на село Теново, во Општина Брвеница, присуствуваа Претседателот на Владата на РСМакедонија Зоран Заев, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Арјанит Хоџа и директорката на ЈП Национални шуми Јулиана Николова, како и вработени во подружницата од Лешница-Тетово.

## „ДЛАБОКА РЕКА“ ПРОГЛАСЕНО ЗА СВЕТСКО НАСЛЕДСТВО НА УНЕСКО



Со започнување на новиот повик на УНЕСКО во 2018 година за предлог букови шуми од прашумски карактер, ЈУ Национален Парк „Маврово“, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање одлучија „Длабока Река“ да ја пријават на овој повик. За таа цел се формира работна група, предводена од проф. д-р Македонка Стојановска од Факултетот за шумарски науки, пејсажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, м-р Смиљка Тенева од Министерството за животна средина и просторно планирање и претставници на НП „Маврово“ дипл. инж. Цане Петрески, Трпе Матески и Велко Лазаревски.


04 БЛИЦ
07 ЕДИТОРИЈАЛ
08 ИЗВЕШТАЈ
10 ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА
11 ПРОГРАМА 2021
15 ИНВЕСТИЦИИ
18 СЕКТОРИ
21 ШУМСКИ ПОЖАРИ
24 УНЕСКО
26 ГЛОБАЛНО ЗАТОПЛУВАЊЕ
27 ПОШУМУВАЊЕ


**Весник на ЈП за стопанисување со шуми Национални шуми**
**Издавач:** ЈП Национални шуми • За издавачот*:* Јулиана Николова, директор
**Главен и одговорен уредник:** Соња Никчевиќ
**Редакција***:* Соња Никчевиќ • **Издавачки совет:** Јулиана Николова, d-r Berat Dehari, Гордана Серафимовска, м-р Гоце Николовски, м-р Маре Басова, Фатима Шкријељ, Николчо Киров
**Компјутерска подготовка:** Графо Пром
**Адреса***:* ЈП Национални шуми, ул. Перо Наков 128, Скопје-тел. 02/2581 080-факс 02/2581 824
**maksumi@mkdsumi.com.mk** • **www.mkdsumi.com.mk**

## БЛИЦ 01 ОБНОВУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПОВРШИНИ ЗА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Согласно вонредната програма на ЈПНационални шуми со симболичен почеток на пошумувањето во село Теново, се означи сезоната на пошумување на опожарените површини. Во периодот кој следи ќе се пошумува и на други локации согласно планот кој Национални шуми го изготви во соработката со Владата. Целта на пошумувањето е да се санираат штетите од пожарите кои се случија ова лето и да се зазеленат голините на планините утврдени како редовна активност за пошумување. На настанот во атарот на село Теново, во Општина Брвеница, присуствуваа Претседателот на Владата на РСМакедонија Зоран Заев, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Арјанит Хоџа и директорката на ЈП Национални шуми Јулиана Николова, како и вработени во подружницата од Лешница-Тетово.



Директорката на ЈП „Национални шуми" Јулиана Николова во својата изјава истакна дека садниците за пошумување се од домашно производство и ги исполнуваат потребните стандарди за успешно пошумување со цел обновување на овој наш важен природен ресурс, на сите површини кои во минатото биле деградирани, опожарени или зафатени со процесите на ерозија.Со оваа акција се придонесува кон еколошките заложби на државата и ЈП Национални шуми. Зголемувањето на зелените површини е од огромно значење за зачувување на биодиверзитетот, за здравјето на населението и за ублажување на ерозивните процеси и поплавите.




## БЛИЦ 02 ФРАНЦУСКИОТ АМБАСАДОР, Н.Е. СИРИЛ БОМГАРТНЕР ВО ПОСЕТА НА ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ

На ден 14.10.2021, Францускиот Амбасадор, неговата екселенција Сирил Бомгартнер, заедно со Аташето за соработка при Француска Амбасада, г-ѓа Жили Марвал, го посетија ЈП Национални шуми. На работниот состанок со директорката на ЈПНШ, Јулиана Николова, беа разгледани начинот на функционирање на претпријатието, потребите и предизвиците при работата.
Беа разгледани можностите за идна институционална соработка, како и користење на искуствата на Република Франција во областа на шумарството. Директорката се заблагодари за несебичната помош на француската екипа пожарникари кои учествуваа во гаснењето на пожарите оваа година и во голема мерка придонесоа во успехот на целата операција на сузбивање на огнената стихија. Амбасадорот на Република Франција во РСМакедонија го истакна значењето на шумите во однос на животната средина, екологијата, климатските промени и нагласи дека заштитата на шумите е од широко општо значење на глобално ниво.



## БЛИЦ 03 ПРОМОВИРАНА НОВАТА ПРОТИВПОЖАРНА ОПРЕМА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ШУМСКИ ПОЖАРИ ВО МАЛЕШЕВСКИОТ РЕГИОН

Согласно потпишаниот Меморандум за соработка за спроведување на првиот Регионален план за унапредување на шумите во Малешевскиот регион со Акциски план 2020-2025, на 06.07.2021год. во Берово беше промовирана новата против пожарна опрема за ТППЕ во Берово и подружниците: Малешево-Берово и Равна река-Пехчево, донација како еден од приоритетите дадени во Акцискиот план на пилот проектот, од Амбасадата на Швајцарија и Швајцарската агенција за развој и соработка. Донацијата се состои од 4 нови противпожарни возила, противпожарна опрема, дрон, како и обуки за пожарникарите за управување со дрон. На настанот, кој го организираше општина Берово и Програмата за

зачувување на природата во РСМ, присуствуваше и се обрати претставникот на Владата на РСМакедонија, заменикот на претседателот на Владата за борба против корупција и криминал, одржлив развој и човечки ресурси Љупчо Николовски, кој го нагласи значењето на заштитата на шумите, потоа Амбасадорот на Швајцарија во РСМ, НЕ Sybille Suter Tejada, градоначалниците на општините Берово и Пехчево. На настанот беа присутни и Директорката на ЈПНационални шуми, Јулиана Николова и Помошникот директор на Сектор за одгледување, подигање, екологија и лов , м-р Маре Басова, која во своето обраќање го истакна значењето на меѓусебната соработка координирана на регионално ниво меѓу надлежните институции за одржливо управување со шумите во нашата држава.
Во таа насока, особено важен е процесот на заштита на природата: Кон крајот на 2020год. со Одлука на Владата на РСМ, ЈП Национални шуми беше назначено за управувач на заштитен предел Осоговски Планини, а активно сме вклучени и во иницијативата за прогласување на Малешево за заштитено подрачје. Со ова ЈПНШ ја покажува својата заложба за одржливо управување со шумите во нашата држава. Ваквите иницијативи, имаат додадена вредност во работењето на јавното претпријатие, кое работи во партнерство со природата.

## ДА ГИ ЗАШТИТИМЕ ШУМИТЕ ОД ШУМСКИ ПОЖАРИ

Од аспект на заштита на шумите, а со оглед на нашите климатски услови, како најголем произлегува проблемот со заштита на шумите од шумски пожари кои како деструктивен елемент се сметаат за елементарна непогода со која на шумскиот фонд му се нанесуваат повеќекратни штети.
ЈП“Национални шуми”со својата активност целосно е вклучено во воспоставувањето на Методологијата за мониторинг и процена на веројатност за ризик од шумски пожари, во консултација со домашни и странски експерти, а која се темели на елементи на ризик од шумски пожари и алатки за процена на ризикот. Со посебно софтверско решение за процена на веројатност за ризик од шумски пожари се утврдува дневната опасност за појава на шумски пожари, како и следење на однесувањето на отпочнатите шумски пожари. Податоците за настанатите шумски пожари се прибираат во текот на годината од Електронскиот систем MKFFIS, преку статистичките листови кои ги доставуваат подружниците и електронските Месечни извештаи за реализирани активности на шумочуварската служба. Со воведување на поголемо присуство на терен и редовни контроли од страна на вработените и шумочуварската служба, како и поволните временски услови значително се намалува бројот на шумски пожари.
Согласно Одлуката за Инвестиционата програма на претпријатието за 2019 година, ЈПНационални шуми во делот на инвестиции во основни средства планираше и од сопствени средства набави Специјални теренски возила за гасење на пожари со погон 4x4. Современите, повеќенаменски возила ќе послужат за разни интервенции во шума, со кои ќе се постигне поголема ефикасност во работењето, ќе се зголеми продуктивноста и мобилноста на работниците. Теренските возила за гасење на шумски пожари се брендирани со официјалното лого на ЈП Национални шуми и се распределени според потребите на подружниците. Согласно Законот за заштита и спасување, Правилникот за посебните мерки за заштита на шумите од пожари и Годишниот оперативен план, кој го изработуваат подружниците, ЈП„Национални шуми“ има обврска да презема превентивни, подготвителни и директни мерки за заштита на шумите од пожари и тоа го прави секогаш кога има потреба.

## СООПШЕНИЕ ДО ЈАВНОСТ

БЛИЦ 04

Со оглед на зголемената опасност од појава на шумски пожари на отворен простор во услови на екстремно високи температури, а заради заштита на личната безбедност и заради спречување натамошно ширење на пожарите, согласно АПЕЛОТ на Владата на РСМ, а врз основа на член 57, став 3, од Законот за шумите, ЈП Национални шуми воведува ЦЕЛОСНА забрана за движење во шумите и шумското земјиште со кои стопанисува на целата територија на РСМакедонија, по претходно добиена согласност од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
Целосната забрана за движење во шума почнува да важи од 03.08.2021 година во временски период од 00:00 до 24:00 часот и истата ќе трае се до проценката дека е намален ризикот од појава на шумски пожари, односно до нејзино отповикување.
Оваа целосна забрана не важи за вработените во ЈП Национални шуми и субјектите кои вршат шумско културни активности на површините со кои стопанисува јавното претпријатие.
За непочитување на оваа забрана на физички лица кои се затекнати да се движат во шума и шумско земјиште, согласно член 106 од Законот за шумите, ќе им биде изречена глоба и тоа:
Глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице, доколку:
Не презема посебни мерки за заштита на шумите од пожари (член 56, став 1)
Се движи во шума за време на забрана без одобрение (член 57, став 3)
Доколку физичкото лице прекршоците ги извршува од користољубие или со нивно извршување е предизвикана поголема имотна штета ќе му се изрече глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност.
ЈП за стопанисување со државни шуми НАЦИОНАЛНИ ШУМИ п.о. - СКОПЈЕ

## БЛИЦ 05 РАБОТНА СРЕДБА

Во просториите на дирекцијата на ЈП"Национални шуми" на 14.09.2021 година се реализира работна средба помеѓу делегацијата од Република Црна Гора во чиј состав беше присутен Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство г-дин Александар Стијовиќ и Државната секретарка г-ѓа Николина Мишниќ и од наша страна, Директорка г-ѓа Јулиана Николова и Заменикот директор D-r Berat Dehari.

На состанокот е разговарано за интензивирање на соработката и техничкото унапредување на системот за заштита на шумата од шумски пожари, каде Република Северна Македонија како домаќин на секторот за вонредни ситуации работи на воспоставување центар за делување во кризни ситуации. Така да воспоставувањето соработка со цел дополнување на комплементарниот систем би било од големо значење, за да се обезбеди усогласено делување во случај на појава на шумски пожари од поголеми размери. Во таа смисла е разговарано и за формирање на заеднички центри за обука.

Исто така, на состанокот е разменето мислење за пласирање на производите на режана граѓа на четинари и дрвена столарија и дрвени куќи.

Во блиска иднина е планирано потпишување на Меморандум за заедничка соработка.





## БЛИЦ 06 ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА

ЈП “Национални шуми” ќе управува со заштитеното подрачје на дел од Осоговските Планини

Согласно Одлуката донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17.11.2020 година за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје во категоријата V заштитен предел, Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми “Национални шуми” ќе управува со заштитеното подрачје. На тој начин се реализира долгогодишната заложба и непрекинати активности на јавното претпријатие преку Секторот за одгледување, подигање, екологија и лов во целиот овој процес. Секторот од самиот почеток беше вклучен во сите расправи, преговарања, договарања и носење одлуки во врска со голем број на прашања и проблеми од сите засегнати страни, кои произлегуваа во текот на самиот процес на прогласување.

Оваа Одлука претставува голема одговорност и предизвик за ЈП, но со тоа од друга страна се дава можност за отварање нови области за унапредување на работењето на претпријатието, во насока на одржливо користење на ресурсите и подобрување на состојбата на теренот. Со интегрирано управување и одржливо користење на природните ресурси ќе се зачуваат и унапредат сите природни вредности, биодиверзитетот, геодиверзитетот, хидролошките карактеристики, пејсажните, пределните и другите природни убавини заради кои ова подрачје е прогласено за заштитен предел.

Започна кампања за прогласување на Малешево за заштитен предел

Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) во соработка со Македонско еколошко друштво (МЕД), Јавното претпријатие „Национални шуми“ и општините Берово и Пехчево започнува кампања за прогласување на Малешево за заштитен предел.

Целта на кампањата е да се информира и запознае јавноста за тоа што претставува „заштитено подрачје“, како може да се зачуваат природните вредности и воедно да се обезбедат економски придобивки од заштитените подрачја. Кампањата ќе трае во следните 10 дена, а ќе опфати промоција на видеа, илустрации и други промотивни содржини кои зборуваат за природните вредности, биодиверзитетот, туризмот, планинарството, културата и традициите во Малешево, а ќе се споделат и важни информации за идното заштитено подрачје.

Во рамки на кампањата ќе се одржи и јавна расправа, како дел од активностите за вклучување на јавноста во процесот на прогласување на Малешево за заштитен предел.

Кампањата е поддржана од Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија (ПЗП), проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), а координирана од „Фармахем“ од Скопје.

Кампањата е поддржана и од општините Берово и Пехчево.





# ПРИРОДАТА НЕ ПРОСТУВА, ТАА КАЗНУВА...

Се што не опкружува и она што е директно или индиректно поврзано со човековата животна средина и производна активност претставува животна средина.

Човекот за свои потреби често ја нарушува природната околина обезбедувајќи услови за подобар живот, со издрадба на хидроцентрали, со сечење и палење на шуми, експлоатација на минерални суровини, создавање на депонии, емисии на гасови, нуклеарни проби. Поради овие еколошки пореметувања во светот се појави потребата од заштита на животната средина.

Под заштита на животната средина се подразбира збир на различни постапки и мерки кои го спречуваат нејзиното понатамошно уништување, со цел поефикасно да се обезбедат потребни услови за нејзиниот опстанок. Човекот треба да биде свесен дека и покрај тоа што е најсовршена единка, тој е дел од природата и треба безрезервно и постојано да се грижи за неа и да ги почитува законите на природата и средината во која живее. ..но, дали човекот навистина се однесува како најсовршена единка?

Во трката по профит, човекот често ги заобиколува и прекршува нормите, правилата и познатите ограничувања, заборавајќи дека времето кога природните ресурси како водата, шумите, чистиот воздух, се подразбираат сами од себе и дека тие не се неограничени, неуништиви и до бескрај обилни, е одамна поминато... Затоа, цинично звучат сите објаснувања на светските “експерти”, дека еколошките катастрофи можат да не заобиколат. Едно е сосема сигурно: доколку човекот не го промени својот однос кон природата, нејзината реакција ќе биде сосема природна. Нема да има ни награди ни казни. Како последица, природата, бранејќи се себе си, ќе го уништи агресивниот, невнимателниот, неприродниот човек... Зашто природата не простува, таа ја казнува секоја негрижа и невнимание.

На нас останува да одлучиме дали ќе бидеме наградени или казнети од природата.

Соња Никчевиќ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ЗА 2020 година

Извештајот за работењето за 2020 год. е изработен во согласност со податоците од Годишната сметка за 2020 год. и планираните и остварени резултати од работењето во сите сегменти од производниот процес. Од анализата на податоците за извршените работи во областа на користење на шумите, се забележува дека во текот на 2020 год. е извршена сеча и изработка на 480.002 м$^3$ вкупна дрвна маса. Споредено со планираната годишна динамика за сеча од Програмата за работа за 2020 год. на ниво на ЈП сечата е извршена со 71%. Споредбените податоци за извршените работи во фазата сеча со 2019 год. покажуваат дека индексот на остварено е 0,95 или сечата е намалена za 5% што во апсолутен износ значи 23.923 м$^3$. Дотурени се вкупно 279.017,07 м$^3$ или 49% од планираната динамика за дотур на вкупна дрвна маса. Споредбата со 2019 год. покажува дека индексот на остварено е 0,81,



односно дотурот на вкупна дрвна маса е намален за 19%, а во апсолутен износ за 67.202 м$^3$.

Извршен е превоз на вкупна дрвна маса од 116.970,78 м$^3$ и тоа е 32% од планираната динамика за превоз на вкупна дрвна маса.

Продадена е вкупна дрвна маса од 507.647,65 м$^3$ од што 87.833,05 м$^3$ или 17,30% се техничко дрво, а 401.322,88 м$^3$ или 79,06% се огревно дрво и 18.491,72 м$^3$ или 3,64% е отпад собран после сеча.

Начинот на продажба на дрвните сортименти во ЈП е регулиран со: рамковен договор за деловна соработка со годишни договори, годишен договор без рамковен договор и продажба на благајна – малопродажба.

Јавното претпријатие "Национални шуми" во декември 2019 година објави Повик за интерес за склучување на купопродажни договори за техничко и огревно дрво за 2020 година на web страната на јавното претпријатие.

Врз основа на повикот е реализирана продажба на дрвни сортименти за период 01-12 месец 2020 година во вкупна количина од 507.647,65 м$^3$ од кои 87.833 м$^3$ техничко дрво, а 401.323 м3 огревно дрво и 18.492 м$^3$ отпад после сеча.

Врз основа на повикот за интерес во текот на 2020 година и врз основа на склучените Рамковни договори за деловно-техничка и комерцијална соработка за период од 5 години, со правни субјекти се склучија годишни купопродажни договори за техничко дрво, во кои посебно се регулираа количините на дрвни сортименти за тековната година, квалитетот, цената, динамиката на снабдување, начинот на плаќање и други работи кои се од значење за годишните испораки.

Споредбените податоци за вкупната остварена продажба на дрвни сортименти со минатата



година покажуваат дека таа е намалена во апсолутен износ за 14.576 м$^3$, како последица од актуелната состојба со коронавирусот Covid-19 во земјава и пошироко, кога значително беше отежната состојбата на пазарот со дрво и дрвни сортименти. Коронавирусот на пазарот со дрво и дрвни сортименти предизвика големо пореметување и дисбаланс меѓу производството, пласманот и продажбата.

Вкупната залиха на дрвни сортименти на ниво на ЈП"Национални шуми" според Пописниот елаборат со состојба 31.12.2020 година изнесуваше 47.486м$^3$. Вкупната вредност пак на залихата на дрвни сортименти по планските цени (состојба со 31.12.2020 год.) според Пописниот елаборат изнесуваше 65.662.158,00 денари.

За реализирање на планските задачи во одделните фази на производство во текот на 2020год. учеството на сопствените работници изнесува: 50,77% во сеча, 28,11% во дотур и 35,68% во превоз. Тоа значи дека поголем дел од планираната количина во производниот процес се реализираше со ангажирање на надворешни извршители. Според податоците за вкупно произведена дрвна маса (огревно и техничко дрво) во 2020 год. и вкупниот број на вработени од 2.173, на ниво на ЈП "Национални шуми" произлегува дека по вработен е произведено 220,89 м$^3$ дрвна маса.

Во 2020 год. претпријатието има остварено вкупен приход во износ од 1.433.430.707ден. Во структурата на вкупните приходи, приходите од основната дејност (продажба на огревно и техничко дрво и отпад) учествуваат со 76,39%, приходите од другите дејности (расадничко производство, други шумски производи, лов и приватни шуми) учествуваат со 4,28%, приходите од проста и проширена репродукција со 6,65% и останатите приходи со 12,68%.

Вкупните расходи на ниво на ЈП во 2020 год. (без влијанието на вредноста на залихите) изнесуваат 1.409.167.141ден. Во рамките на вкупните расходи најголемо учество имаат бруто платите со 57,56%, потоа услугите (за сеча, дотур и превоз) со 13,34%, законските обврски за (проста и проширена репродукција) со 10,11%, потрошените материјали, енергија и резервни делови со 7,01% и амортизацијата со 2,78%. Групата на останати трошоци во вкупните расходи учествува со 9,18%.

Согласно, Билансот на успех од Годишната сметка, изминатата 2020 год. претпријатието ја заврши со негативен финансиски резултат, загуба пред оданочување во износ од 83.415.158 ден.

Според остварените трошоци за производство на огревно и техничко дрво и остварената количина по фази на работа, претпријатието во 2020 год. оствари цена на чинење на 1м3 огревно дрво од 3.856,61ден/м$^3$ и 3.137,87ден/м$^3$ за техничкото дрво.

Според остварените приходи од продажба и продадената количина на дрвни сортименти според местото на продажба во 2020г. остварена е просечна продажна цена од 2.085,26ден/м$^3$ за огревното дрво и 2.785,10ден/м$^3$ за техничкото дрво.

Во врска со новонастанатата состојба со пандемијата, ЈП Национални шуми од првиот момент ги преземаше сите потребни мерки и активности за заштита од коронавирус. За таа цел, до сите подружници беа проследени насоки со предлог мерки за постапување во поглед на организирање на производството во новонастанатите услови. Преку редовно следење на сите заклучоци и мерки донесени од страна на Владата и Главниот координативен кризен штаб, вработените во претпријатието беа редовно информирани за сите состојби кои настануваа на дневно ниво и постапување по истите, со цел за заштита на здравјето на вработените, нивните семејства и пошироко. Според овие насоки, беше извршена дезинфекција во сите управни згради и објекти, складови, работилници и други капацитети во ЈП.

Подготвила: Гордана Серафимовска

# КАМПАЊА ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА МАЛЕШЕВО ЗА ЗАШТИТЕН ПРЕДЕЛ

Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) во соработка со Македонско еколошко друштво (МЕД), Јавното претпријатие „Национални шуми“ и општините Берово и Пехчево започнува кампања за прогласување на Малешево за заштитен предел.
Целта на кампањата е да се информира и запознае јавноста за тоа што претставува „заштитено подрачје“, како може да се зачуваат природните вредности и воедно да се обезбедат економски придобивки од заштитените подрачја. Кампањата опфати промоција на видеа, илустрации и други промотивни содржини кои зборуваат за природните вредности, биодиверзитетот, туризмот, планинарството, културата и традициите во Малешево, а се споделуваат и важни информации за идното заштитено подрачје.
Во рамки на кампањата се одржа и јавна расправа, како дел од активностите за вклучување на јавноста во процесот на прогласување на Малешево за заштитен предел.

Регионот Малешево се наоѓа во источниот дел на Република Северна Македонија и ги опфаќа општините Берово и Пехчево. Претставува целина која се истакнува со своето природно и културно богатство, каде што управувањето со шумите е долгогодишна традиција. Малешевијата, област во која природата истурила едно чудо убавини, природни богатства од кои застанува здивот. Борови, дабови и букови шуми, чисти реки, разновидност од цвеќиња и лековити чаеви, многубројни животински видови, традиции, храна... Малешево навистина ги исполни сите услови за да стане заштитено подрачје!

Кампањата е поддржана од Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија (ПЗП), проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), а координирана од „Фармахем“ од Скопје.
Кампањата е поддржана и од општините Берово и Пехчево. Слоган на Кампањата: Да го зачуваме Малешево за идните генерации!





# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2021 ГОДИНА НА ЈПНШ

**Користење на шумите**

Во деловната 2021 год. ЈП"Национални шуми" планира да произведе вкупна бруто дрвна маса од 751.812 м³.
Од вкупно планираното производство на дрвни сортименти, ќе се произведе:
Техничко дрво . . . . . . . . . . . . 137.944 м³
Огревно дрво . . . . . . . . . . . . . 538.230 м³
Отпад собран после сеча . . . . . 75.638 м³
Според сортиментната структура во вкупната планирана бруто дрвна маса на ниво на ЈП"Национални шуми" за 2021 година, техничкото дрво учествува со 18,32%, огревното со 71,63%, а отпадокот собран после сеча со 10,05%. Од дрвните видови во сортиментната структура на планираната дрвна маса најзастапени се: буката, дабот, елата, белиот и црниот бор и останати иглолисни и лисјарски видови. Од вкупно планираното производство за 2021 година, преку режиско искористување ќе се произведат 598.807 м³ или 88,56%, додека на сеча во државна нискостеблеста шума од страна на физички лица заради обезбедување на сопствени потреби отпаѓаат 11,44% или 77.367 м³. Според квалитетот, од вкупната количина на техничко дрво, на трупци за режење отпаѓаат 128.646 м³ или 93,26%, додека на останато техничко дрво отпаѓаат 9.298 м³ или 6,74%. Во вкупната планирана количина на огревно дрво буката учествува со 54,59%, дабот со 41,91% и останати со 3,50%.
Од вкупно планираната количина за сеча(676.174 м³), 165.829 м³ или 24,53%, планирано е да се посечат со сопствени работници, додека за сеча на 432.978 м³ или 64,03% ќе се користат услуги од надворешни извршители, а 11,44% или 77.367 м³ отпаѓа на планирана дрвна маса за сеча од страна на физички лица во државни нискостеблести шуми. Во вкупно планираната дрвна маса за дотур (517.569 м³), дотурот со сопствени работници 81.891 м³ учествува со 15,82%, а дотурот со надворешни извршители 435.678 м³ со 84,18%. Во вкупно планираната дрвна маса за превоз (283.888 м3 ), превозот со сопствени камиони 31.048 м³ учествува со 10,94%, додека превозот со надворешни извршители 252.840 м³ учествува со 89,06%.
Секторот за шумарство во 2021 година планираше сечата, дотурот и превозот на шумските сортименти да се извршуваат со сопствени работници и надворешни извршители.
Фазата сеча се планира да се извршува со сечачи на неопределено време и сечачи на определено време. Со оглед дека сопствените работници се на располагање на претпријатието, и управувањето и распоредувањето за работа е во ингеренции на претпријатието. Од тие причини и квалитетот на изработеното производство е подобар. Работниците се под постојан надзор на службените лица, кои одговараат за изработените сортименти. Фазата сеча со надворешни извршители се планира да биде реализирана по пат на објавување на јавен повик.
Фазата дотур во 2021 година се планира да се извршува со сопствени дотурачи и дотурачи на определено време. Во подружниците каде немаме вработено наши дотурачи, дотурот се извршува со надворешни по пат на јавен повик.
Фазата превоз досега главно се извршува со надворешни превозници врз основа на склучени договори за превоз по пат на јавни повици. Сопствениот превоз учествува со многу мал процент во вкупно превезената дрвна маса, додека поголем дел од дрвната маса се превезува со надворешни извршители.
Вкупните планирани трошоци за производство на огревно и техничко дрво се составени од директни и режиски трошоци. Директните трошоци за огревно дрво изнесуваат 550.427.392,00 денари, а за техничко дрво изнесуваат 103.379.723,00 денари и истите се распоредени по фази на работа. Во директни трошоци влегуваат трошоците во фазите сеча, дотур, утовар и превоз. Режиските трошоци за огревно дрво изнесуваат 822.978.134,00 денари, а за техничко дрво 219.006.381,00 денар. Во режиски трошоци влегуваат: манипулативна режија, управно-продажна режија, трошоци за дирекција, одделение за изградба и прочистување на патишта и одделение за одгледување и заштита на шуми. Покрај директните и режиските трошоци, во планираната цена на чинење влегуваат и законските обврски, односно издвојување на средства за проста и проширена репродукција на шуми (според член 94 и 95 од Законот за шумите). Вкупните планирани трошоци (директни и режиски и законски обврски) за огревното дрво изнесуваат 1.528.020.039,00 денари, а за техничкото дрво 378.282.574,00 денари и истите, во зависност од предвидената количина за производство на огревно и техничко дрво, ја определуваат планираната цена на чинење. Според овие параметри, планираната цена на чинење на огревното дрво на ниво на ЈП изнесува 3.266,69 ден/м³, а на техничкото дрво 2.806,65 ден/м³.

**Продажба на дрвни сортименти**

Продажбата на дрвни сортименти во 2021 година се врши врз основа на Правилникот за продажба на главни шумски производи на ЈП”Национални шуми” во кој се одредува продажбата

и примената на Ценовникот со цени на главните шумски производи, за домашен и меѓународен пазар, се пропишува начинот на продажба на дрвни сортименти, производи од шума, други користења од шумите и услуги, склучување на купопродажни договори, примената на ценовникот, наплатата, нивно следење и извршување. Секторот за комерцијални работи планира во 2021 година да врши продажба на целокупното планирано производство на дрвни сортименти согласно Програмата за работа во вкупна количина од 705.064м$^3$ од кои 539.230 м$^3$ огревно дрво, 137.944 м$^3$ техничко дрво и 27.890 м$^3$ отпад собран после сеча.



Начин на продажба на дрвните сортименти согласно Правилникот за продажба на главни шумски производи:

- Договорно со склучување на купопродажни договори и продажба од склад-малопродажба

1. Продажба на техничка дрвна маса

а) Со склучување на рамковни договори за деловна соработка со годишни договори;

б) Со склучување на годишни договори врз основа на рамковен договор;

в) Со склучување на годишен договор без рамковен договор.

2. Продажба на огревно дрво

а) Со склучување на годишни договори врз основа на рамковни договори;

б) Со склучување на годишни договори со правни субјекти: регистрирани за промет на дрво и дрвни сортименти (без рамковен договор) и за сопствени потреби;

в) Со склучување на годишни договори со здруженија на пензионери, инвалиди на трудот и синдикати на правни лица;

г) Продажба на физички лица.

**Патишта**

Реализацијата на планираното производство на шумски сортименти кое се извршува во тешки услови за работа во шумите (особено метеоролошките), условува потреба од соодветна патна инфраструктура. Отворањето на шумите треба да овозможи рационално користење на сите добра, со цел да се подобрат производните можности на шумата. Заради рационално и профитабилно користење на шумите со кои стопанисува ЈП "Национални шуми", потребно е правилно планирање и изградба на оптимална и квалитетна патна мрежа, која ќе го достигне оптималното ниво на отвореност и квалитет на шумските комплекси, со што ќе овозможи континуирано снабдување на дрвната индустрија со техничко дрво и потрошувачите со огревно дрво и други шумски производи. Затоа, во областа на шумските комуникации во 2021 година се планира изградба на патишта во вкупна должина од 250,27 км, реконструкција на патишта во вкупна должина од 412,70 км, како и прочистување на постоечката патна мрежа во должина од 1.454,75 км. За реализација на планските задачи за изградба, реконструкција и прочистување на патиштата се планираат трошоци во износ од 94.982.010,00 ден. со сопствена механизација.

**Приватни шуми**

ЈП "Национални шуми" врши стручно-технички работи во приватните шуми, контрола на пренесот и превозот на шумски сортименти и издавање на пропишана документација. Во 2021 година се планира да се означат вкупно 165.765 м3 од кои на техничко дрво отпаѓаат 10.430 м3 и на огревно дрво се 155.335 м3. Трошоците кои произлегуваат од работата во приватните шуми, согласно важечките законски прописи, ги обезбедуваат самите сопственици и за 2021 година се планираат во износ од 26.140.988,00 ден. Средствата пак, кои се очекуваат да се остварат по овој основ изнесуваат 41.212.726,00 денари.

**Расадничко производство**

Во расадниците во состав на ЈП"Национални шуми" во 2021 година се планира производство на едно и повеќегодишни шумски и хортикултур-

ни видови, во количина од 3.432.446 броја садници, од кои 2.382.446 класични и 1.050.000 контејнерски. Вкупните планирани трошоци за реализација на расадничкото производство изнесуваат 12.114.286,00 денари, а се очекуваат вкупни приходи од 22.984.785,00 денари.

**Одгледување на шумите**

Активностите во областа на одгледувањето на шумите, се базираат на обврските кои се пропишани со Посебните планови за стопанисување со шуми и Програмата за проширена репродукција на шуми од МЗШВ. Со Програмата за работа за 2021 година е утврден обемот на работите во делот на проширена репродукција на шумите на 533,77ха и проста репродукција на шумите кој изнесува 1.898,60ха. Сопствените средства за проширена репродукција на шумите за 2021 година ќе бидат во висина од 48.581.479,00 денари, по основ на издвојување 3% од вредноста на исеченото дрво, франко камионски пат.

**Заштита на шумите**

Во деловната 2021 година за заштита на шумите од растителни болести и инсекти се планира третирање на боров четник во борови насади стари од 20-65 години на површина од 4.223,00 ха, жолтомешка во дабови шуми стари од 25-40 години на површина од 200,00ха и разни поткорници во борови насади стари од 20-52 години на површина од 68,50ха, од причина што ширењето на штетниците е во постојан подем. За нивно сузбивање планирано е да се обезбедат средства преку Програмата за проширена репродукција на шумите за 2021 година. Во рамките на заштитата на шумите од пожари во 2021 година се планира навремено преземање на превентивни мерки, преку обезбедување на соодветна опрема, како и мобилизирање на соодветните служби. Трошоците за заштита на шумите од пожари, се планираат во износ од 7.475.430,00 денари. ЈП„Национални шуми“ во делот на заштитата и одгледувањето на шумите, изградбата на шумските патишта, врши општокорисна функција за целото општество, но прави и трошоци за заштитни мерки (заштита на патиштата, заштита од порои, заштита од ерозија), кои се важни за целокупното население, а тоа се излети, рекреации, планински туризам, одржување на различните врсти на животинскиот свет.

**Број на вработени и квалификациона структура**

Основна цел во деловната и развојна политика на ЈП"Национални шуми" во областа на вработеноста е оптимален број на работници за остварување на производството. Вкупниот број на работници во редовен работен однос на неопределено време на ниво на ЈП изнесува 1.788.



**Изработка на посебни планови за стопанисување со шумите**

Уредувањето на шумите, односно изработката на посебните планови за стопанисување со шуми е законска обврска. ЈП"Национални шуми" во 2021 година планира да изработи 21 ППСШ со вкупна површина од 125.249,45 ха, од кои 8.483,82 ха се разновозрасни, 20.461,11 ха се едновозрасни, 66.885,19 ха нискостеблени, 555,50 ха култури и 4.002,00 ха шикари или вкупно обрасната површина од 100.387,62 ха и 18.218,80 ха се необрасната површина. Стручните проектантски работи ќе ги изврши Секторот за уредување на шуми и ловишта и проектирање во ЈП"Национални шуми". Во текот на 2021 година планирани се теренски и канцелариски работи поврзани со прибирање и обработка на податоци т.е. изработка на вкупно 50 Посебни ловностопански планови со цена на чинење.

**Финансиски резултати**

ЈП"Национални шуми" во 2021 година планира да оствари вкупни приходи од основната и други дејности во износ од 2.044.500.430,00 денари и вкупни расходи во износ од 1.943.332.905,00 денари. Според тоа, претпријатието планира да оствари позитивен финансиски резултат од работењето (добивка), така што по подмирување на придонесите и даноците од добивката, би остварило нето добивка во износ од 91.050.773,00 денари.
Програмата за работа на ЈП"Национални шуми" за 2021 година како збир на поединечните програми на подружниците, изработена во согласност со Посебните планови за стопанисување со шумите, со примена на техничките норми и нормативи во шумарството, како и во склад со реалните можности, технички капацитети и човечки ресурси во секоја подружница поединечно, е усвоена со Одлука бр.02-86/1, од Управниот одбор на претпријатието на седница одржана на 26.01.2021 година. Исто така, како материјал за информирање, Програмата за работа на ЈП"Национални шуми" за 2021 година, Владата на РСМакедонија ја разгледа на својата четириесет и прва седница, одржана на 26 јануари 2021 година.

Подготвила: Гордана Серафимовска

# ГОДИШНА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА ЗА 2021 ГОДИНА



Проблематиката на планирање и реализација на инвестициите спаѓа во есенцијалните проблеми на секој општествен систем. Инвестициите се основен услов и средство за реализација и развој на секое претпријатие.
За да оствари континуитет во процесот на развојот секое претпријатие мора да инвестира, односно да вложува сопствени или позајмени средства, да ги намалува трошоците и да создава поволни услови за да може да инвестира во сопствениот развој. Инвестициите претставуваат неопходност бидејќи развојот на секое претпријатие зависи од добро планирање и ефикасно реализирање на инвестициите.
Шумарството претставува интегрален дел од националната економија.

**1. Дејност на Јавното претпријатие "Национални шуми" – Скопје**

Основната дејност на Јавното претпријатие "Национални шуми" е стопанисување со шумите за стопанска намена во државна сопственост. Под стопанисување со шумите се подразбира: планирање и уредување, одгледување, користење и заштита на шумите, со чие извршување јавното претпријатие треба да обезбеди квантитативно и квалитативно зачувување на шумскиот фонд и вредноста на шумите, зголемување на нивниот прираст и општокорисните функции.

Покрај стопанисување со шумите во државна сопственост како основна дејност, Јавното претпријатие врши и други дејности кои се во врска со основните, а придонесуваат за подобро искористување на капацитетите на претпријатието. Такви дејности се: лов и одгледување на дивеч, ловен туризам, собирање и откуп на други шумски производи.
Имајќи предвид дека шумарството е комплексна стопанска гранка, се наметнува потребата за инвестирање во изградба на нови и одржување на постоечките шумски комуникации, изградба на градежни објекти, обезбедување на соодветни основни средства, опрема и сл. во функција на трајно и одржливо стопанисување со шумските комплекси. Оттука произлегува и потребата од континуирано инвестирање во инфраструктурата, основните средства, опрема, информатичко-комуникациски технологии, во шумската и противпожарната заштита и сл, а со цел одржлив економски менаџмент над шумските ресурси со кои стопанисува ЈП „Национални шуми".
Неопходноста од дефинирање на потребата од модернизација на производниот процес во шумарството произлегува од :
- порастот на побарувачката на дрвни сортименти во државата и надвор од неа;
- постоечката мала отвореност на шумите и состојбата на патната инфраструктура;




- модернизација на техничко-технолошкиот процес;
- ограничувањето во искористувањето на шумските ресурси како и релативно долгиот период на повраток на вложените средства;
- потребата од навремено и долгорочно планирање и согледување на потребните финансиски средства неопходни за планираниот развој;
- ниска акумулативност на гранката;
- состојбите во дрвната индустрија.

**2. Извори на средства**

Основните приходи на ЈП се во најголем процент од производство и реализација на шумски сортименти. Заради тоа квалитетот и искористувањето на годишниот етат и цените на шумските производи се основни елементи во стекнување на вкупниот приход.
Во 2021 година планирани се средства за инвестициони вложувања во износ од 75.259.504,00 денари за изградба и реконструкција на шумски комуникации, кои се планирани во тековните трошоци во Програмата за работа за тековната година и средства во износ од 11.675.000,00 денари за останатите инвестиции( информатичка опрема и останати набавки), кои се во рамките на планираната нето добивка во Програмата за работа која изнесува 91.050.773,00 денари.
Од приходите кои ги остварува претпријатието се надоместуваат расходите од работењето: платите на вработените, сите други потреби кои произлегуваат од тековното извршување на работните задачи и обврски, средствата за јавни набавки, како и средства за развој и инвестиции. Поради наведените финансиски обврски на ЈП„Национални шуми" инвестициите во претпријатието за 2021 година, се сведуваат на најнеопходните, кои имаат директно влијание за непречено реализирање на Програмата за работа за 2021 година.

**3. Намена на инвестициите**

Инвестиционата програма на претпријатието е вложување во отварање и изградба на шумски патишта за превоз на дрвни сортименти заради поекономично стопанисување со шумите, набавка на информатичка опрема и останати набавки.

**Изградба и реконструкција на патишта**

Проширувањето и подобрувањето на патната инфраструктура во шумарството е од огромно значење. Отворањето на шумите со патишта и снабдување со производи на претпријатието претставува перманентна и долготрајна обврска на ЈП „Национални шуми„ и е предуслов за навремено и квалитетно извршување на поставените производни задачи.
Отварањето, реконструкцијата како и прочистувањето на шумско-камионските патишта во 2021 година се планира да се извршува само со сопствена механизација, со што се избегнува постапката отворен повик-тендер која трае доста долго, а понекогаш се повторува и неколку пати при што доаѓа до неисполнување на предвидената динамика во процесот на производството.
Со соодветни шумски комуникации се овозможува:
- континуиран, поефтин и побрз превоз;
- зголемена ефикасност во заштитата на шумите од пожари, растителни болести и штетници, како и заштита од бесправни сечи;
- отворање на шумите за користење на други шумски производи;
- подобрување на условите за превоз на шумските работници.

Со тоа, покрај подобрување на условите за подобро стопанисување со државните шуми, ќе се создаде и можност за развој на руралните средини, односно поврзување на населените места и побрз превоз на стоки и материјали, како и користење на шумите за рекреација, лов и планински туризам.Тоа позитивно ќе влијае и врз целокупниот стопански развој на државата.

Во 2021 година на ниво на Јавно претпријатие планирана е изградба на меки шумски патишта во вкупна должина од 250,27 км со вкупни трошоци во износ од 61.114.885,00 денари и реконструкција на патишта во вкупна должина од 412,70 км со вкупни трошоци од 14.144.619,00 денари.
Целокупната изградба на шумско камионските патишта ќе се реализира со сопствена механизација и со сопствени работници.
Планираните трошоци за изградба на шумски патишта со сопствена механизација утврдени се врз основа на следната калкулација:
- трошоци за градежни машини (гориво, мазиво, резервни делови, амортизација и одржување): вкупно 24.342.964,00 денари;
- потрошени материјали (каписли, фитил, динамит и други потрошни материјали): вкупно 1.149.401,00 денари;
- трошоци за работници - ракувач со градежна машина, минер, компресорист, шумски работник на пат, (бруто плати, ХТЗ – опрема и други трошоци): вкупно 35.622.521,00 денари;
Вкупно трошоци за изградба на 250,27км патишта со сопствена механизација: 61.114.885,00 денари или 244.196,00 ден/км.




Вкупно трошоци за реконструкција на 412,70 км патишта со сопствена механизација: 14.144.619,00 денари или 34.273,00 ден/км.
Вкупните планирани средства за инвестициони вложувања во износ од 75.259.504,00 денари за изградба и реконструкција на шумски комуникации, се планирани во тековните трошоци во Програмата за работа за 2021 година.

**Информатичка опрема**

Во делот на информатичка опрема предвидена е набавка на лиценци за сервери и клиенти, пасивна мрежна опрема со која ќе се замени дел од постоечката која е дотраена и подложна на чести дефекти поради кои понекогаш има прекин во комуникацијата помеѓу подружниците и дирекцијата и кон надворешните институции. Истата е дел од спроведување на ИТстратегијата која што се реализира во неколку етапи и е неопходна за нормално тековно работење.
Развојот на претпријатието е правопропорционален со развојот на информатичката технологија. Во 2017 година се отпочна со имплементација на електронскиот систем за следење на дрвна маса (законска обврска) кој треба да ја зголеми контролата врз работењето, да обезбеди навремен пристап до информации и преглед на истите, со што се гарантира постигнување на подобар успех во работењето. Во 2021 година ќе се продолжи со надградба на системот за електронско следење на дрвната маса, согласно Законот за шумите, член 69/а.

**Останати набавки**

Согласно горенаведената законска обврска за целосна имплементација на електронскиот систем за следење на дрвната маса, планирана е набавка на 35 рачни уреди за потребите на подружниците. Планираните износи за инвестиционите вложувања се согласно пазарните цени, а количините според потребите за навремено и квалитетно извршување на работните задачи.

- Врз основа на член 11, точка 8 од Законот за јавните претпријатија, Владата на Република Северна Македонија на својата четириесет и прва седница одржана на 26.01.2021 година, донесе Одлука за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2021 год. на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ – п.о. Скопје, бр. 917/1 од 26.01.2021 година, усвоена од Управниот одбор на претпријатието (Бр.02-50/3) на седница одржана на 22.01.2021 година.

Изготвила: Марена Ангова-Сечкова

# СЕКТОР ЗА ПЛАН И АНАЛИЗА, ИНВЕСТИЦИИ И РАЗВОЈ, ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

**Дејност на ЈП Национални шуми**

ЈП Национални шуми- Скопје од своето основање со Одлука на Владата на РМ, како правен следбеник на дотогаш постојните претпријатија за стопанисување со шумите, во остварувањето на конкретните задачи во секоја тековна година, работи на самофинансирање, притоа имајќи го предвид остварувањето на главната општествена задача и основната цел во работењето. Шумите се природно добро од општ интерес,
а стопанисувањето со шумите е дејност од јавен интерес, затоа со Законот за шумите утврдени се основните дејности на јавното претпријатие, а тоа се:

- Стопанисување со шумите во државна сопственост, во што спаѓа одгледување, заштита и користење на шумите, со чие извршување претпријатието треба да обезбеди трајно зачувување и зголемување на вредноста на шумите, како и постојано зголемување на нивниот прираст и на нивните општокорисни функции.
- Претпријатието врши и други дејности, кои се во врска со основните дејности, а придонесуваат за подобро искористување на капацитетите на претпријатието. Такви дејности се: лов, одгледување на дивеч, собирање и доработка на други шумски производи, ловен туризам.

Во рамките на организационата поставеност во ЈП Национални шуми постојат 9 Сектори кои ги опфаќаат сите сфери на работењето на Јавното претпријатие.

**СЕКТОР ЗА ПЛАН И АНАЛИЗА, ИНВЕСТИЦИИ И РАЗВОЈ ,ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**
Во овој сектор, како и во останатите работата е организирана во Одделенија кои ги извршуваат соодветните задачи.

**Одделение за план и анализа**

Во одделението за план и анализа се изработува ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА, како базичен документ во кој се планираат производните и финансиските активности на претпријатието за секоја година, врз база на плановите на подружниците, кои се изработени во согласност со Посебните планови за стопанисување со шумите. Со Програмата за работа се детерминираат основните насоки на деловната политика и се планираат конкретните задачи за наредната година, имајќи го притоа предвид остварувањето на главната општествена задача и основната цел во работењето на ЈП, а тоа е заштита и одгледување на шумите, како добро од општ интерес.
Одделението го изработува и ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО (по Подружници и на ниво на ЈП) како комплексен документ, изработен врз база на податоците за остварените производни резултати од работењето во основната и другите дејности, како и врз основа на остварените финансиски резултати, искажани во Годишната сметка на Јавното претпријатие. Добиените податоци претставуваат добра основа за предлагање на адекватни мерки за спроведување на деловната политика и за поуспешно работење на Претпријатието во иднина. Во ова одделение, врз основа на следење и анализа на остварените производни и финансиски резултати од работењето на подружниците, се изработуваат месечни, тримесечни и полугодишни извештаи за работењето на ЈП.
Голем дел од овие извештаи се доставуваат и до Владата на РСМ, преку системот e-vlada, како и до други соодветни министерства и државни институции.





**Одделение за инвестиции и развој**

Во одделението за инвестиции и развој се изработува Инвестициона програма на ЈП Национални шуми. Инвестиционата програма на претпријатието е вложување во отварање и изградба на шумски патишта за превоз на дрвни сортименти заради поекономично стопанисување со шумите, набавка на основни средства, набавка на информатичка опрема и останати набавки.
ЈПНационални шуми планира средства за инвестициони вложувања за изградба и реконструкција на шумски комуникации, кои се планирани во тековните трошоци во Програмата за работа и средства за останатите инвестиции (набавка на информатичка опрема и останати набавки), кои се во рамките на планираната нето добивка во Програмата за работа.
Во делот на Информатичка опрема, обично се планира набавка на мрежна опрема со која ќе се замени дел од постоечката која е дотраена и подложна на чести дефекти, поради што понекогаш има прекин во комуникацијата помеѓу подружниците и дирекцијата и кон надворешните институции. Истата е дел од спроведување на ИТстратегијата која што се реализира во неколку етапи и е неопходна за нормално тековно работење. Во однос на Останатите набавки планираните износи за инвестиционите вложувања се согласно пазарните цени, а количините според потребите за навремено и квалитетно извршување на работните задачи.
Јавното претпријатие Национални шуми за сите планирани инвестициони вложувања, користи сопствени приходи обезбедени од тековното работење, имајќи го предвид фактот дека претпријатието е на самофинансирање.

**Одделение за комуникациски технологии**

Придржувајќи се доследно на начелото на транспарентност и отчетност во работењето во ЈПНационални шуми, функционира и посебно одделение за комуникациски технологии, кое го организира и координира прибирањето на информации за работењето од секторите и подружниците и врз основа на тоа остварува комуникација со медиумите преку прес-конференции, брифинзи и интервјуа, а пошироката стручна шумарска јавност се информира за работењето на претпријатието преку списанието “Наши шуми”, web страната и Фејзбук профилот




ата на ЈПНационални шуми, како и преку YouTube каналот.
Списанието “Наши шуми” со своите содржини ги анимира и запознава читателите со актуелните состојби, случувањата, промените и состојбите во шумарството, презентира научни трудови и теми на експерти од областа на дејноста, едуцира од областа на заштита на животната средина, ја подигнува еколошката свест и култура, гради здрав однос кон заштитата на природните ресурси. Досега се издадени 79 броја на списанието Наши шуми.
На web–страната на ЈПНационални шуми (www.mkdsumi.com.mk) можат да се најдат сите податоци и информации за претпријатието, почнувајќи од основните податоци за стопанисувањето со шумите, работата на секторите, редовно следење и известување за сите тековни настани во претпријатието. Се следат и објавуваат извештаи за сите семинари, советувања и други случувања од областа на шумарството. Страната редовно се ажурира.
Со цел да се афирмира работата на јавното претпријатие по области, издадени се повеќе рекламни материјали меѓу кои брошури и проспекти за работењето, брошура за лов и ловен туризам, брошура за други шумски производи, папка со брошура и ценовници за ловство и други рекламни материјали кои служат за идентификација, афирмација и формирање сопствен имиџ, што е една од главните компоненти на градење на современо ориентирана фирма. Континуираната соработка со другите институции, пред се со медиумите во државата, придонесува за препознатливост на ЈПНационални шуми како фирма со изграден имиџ.
На ФБ профилот на ЈП Национални шуми, секојдневно, континуирано и афирмативно се известува за тековната работа на ЈПНШ.

**Одделение за информатичка технологија**

Промените во секоја организација се составен и неизбежен дел од динамиката на деловното опкружување. Со цел да ги подобрат своите перформанси, организациите тежнеат да создадат организациски структури кои ќе бидат во можност многу полесно да се справат со промените кои ги налага турбулентното опкружување во кои работат организациите. Бизнисот бара нови форми се со цел да ја подобри ефикасноста, да ги подобри услугите што им ги нуди на своите корисници и соодветно да го зголеми профитот. ЈП Национални шуми, покрај овие предизвици го има и социјално - општествениот аспект, односно со зголемување на површините под шума да ја подобри животната средина и да овозможи потенцијал за развој на останати стопански гранки во државата. Во такви услови за очекување е дека организациската структура во ЈП Национални шуми секогаш претставува составен дел од тековното работење. Да се следат таквите промени скоро е невозможно без соодветна ИКТ платформа која ќе поседува современи ERP/DMS/WFM модули и алатки и соодветна мрежна, комуникациска, инфраструктура како одговор на се поголемите предизвици и деловни побарувања. За да биде во можност да ја извршува таа чувствителна улога, ИТ околината во организацијата мора динамички да се менува. Во рамките на Национални шуми поставени се централизирани софтверски решенија кои ги интегрираат податоците кои што се користат од страна на подружниците вклучувајќи го секторското работење во унифициран систем. Соодветно дизајнираните решенија се поставени за да ги моделираат и афтоматизираат повеќето од основните бизнис процеси од компанијата и да ги интегрира информациите од целата компанија на едно место, со што се овозможува полесно менаџирање.

*Сектор за план и анализа, инвестиции и развој, информатички и комуникациски технологии*

# ШУМСКИ ПОЖАРИ 2021 година



Шумски пожар е појава која сериозно го нарушува животот и здравјето на луѓето, неповратно го уништува шумскиот потенцијал, ја деградира природата и животната средина и причинува значителни материјални штети и финансиски трошоци. Најчест причинител за појава на шумски пожар (во 99% од случаите) е човекот, додека громот и самозапалувањето како причина за настанување на пожар учествуваат само со 1%. Пожари предизвикани од човекот може да бидат намерни-подметнати пожари и ненамерни-од невнимание при палење на стрништа, палење пасишта, фрлени опушоци, сообраќајна незгода, искра од алат при работа, искра од електрични далноводи, приготвување скара во шума, палење логорски оган, палење депонии и др.

Кога се анализираат шумските пожари, а особено кога од таквите анализи е потребно да се извлечат Заклучоци, покрај квалитетните податоци, исто така од голема важност е да се има предвид значењето на одредени поими согласно Закон за шуми. Шума, во смисла на овој закон, претставува шумски екосистем кој постои на шумско земјиште обраснато со шумски видови дрвја и грмушки, голини непосредно до шумата, како и други голини и ливади внатре во шумата, шумски расадници, шумски патишта, семенски плантажи, противпожарни просеки во шума, ветрозаштитни појаси на површина поголема од два ари, како и шуми во заштитените подрачја. Шума се состои и од млади насади и шумски култури со површина поголема од два ари, како и површини кои се составен дел на шумата, а привремено се необраснати како резултат на човечкото влијание или природни непогоди на кои започнало природното обновување.

Под шума не се подразбираат одвоени групи на дрвја и на површина помала од два ари, меѓни стебла меѓу земјоделско земјиште, плантажи од брзорастечки видови дрвја, како и крајбрежна вегетација надвор од шума, дрвореди и паркови во населени места. Шумите, без оглед на сопственоста и намената, имаат производни, заштитни и општокорисни функции.

Шумски пожар е секое неконтролирано горење на шума, шумско земјиште, без оглед на зафатена површина, интензитет и причина за негово настанување, кој опфаќа и горење на земјоделска површина и пасиште, поблиску од 200м до работ на шумата.

Управување со пожарите се мерки за заштита од пожари на отворен простор, кои опфаќаат: Превентивни мерки наменети за едукација и подигање на јавната свест и се преземаат во текот на целата година, Подготвителни мерки кои се преземаат во текот на целата година, пред да настане пожарот, а имаат за цел постигнување на максимална подготвеност на субјектите одговорни за заштитата на шумите да одговорат во случај на настанување на пожар и Директни мерки кои се преземаат за време на траењето на пожарот, а за цел го имаат неговото локализирање и гаснење.

Вложувањето во превентивни мерки (јавни и медиумски, информативни кампањи) директно ќе влијае на подигнување на свеста на граѓаните и намалување на бројот на пожари и сите последици од нив;

Вложувањето во подготвителни мерки (навремено откривање на пожарот, пренесување на информацијата, организирање на транспорт на гасначи, набавка на алат, специјални возила за прв одговор при настанат шумски пожар, изградба на противпожарни просеки и пруги, контрола на движење во шума) ќе влијае на подигнување на степенот на подготвеноста на вработените на ЈП „Национални шуми";

Вложувањето во директните-супресивни мерки (кои се преземаат за време на траење на пожарот, а се состојат од отстранување на еден од елементите за настанување пожар: материјал кој гори, извор на топлина или кислород) ќе овозможи поефикасно локализирање и гаснење на пожарот.

Со инвестирањето во горенаведените сегменти во областа на заштита на шумите од пожари, со сигур-

ност треба да се очекува намалување на: бројот на пожарите, опожарената површина и опожарена дрвна маса, трошоците за гаснење и направената штета врз шумата.

Согласно податоците кои се прибираат во текот на годината, а истите се добиени од: Електронскиот систем MKFFIS и електронските Месечни извештаи за реализирани активности на шумочуварската служба доставени до Секторот за



заштита на шуми, надзор и вн.контрола, во периодот од 01.01. до 31.08.2021г. евидентирани се 163 пожари.
Вкупно опожарена површина во периодот од 01.01. до 31.08.2021год. е 11.053,62 хектари, опожарена дрвна маса 481.486,98 м3, а причинетата штета е во вредност од 2.071.431.617,00денари. Вкупните трошоци за гаснење на пожарите во период од 01.01.до31.08.2021 година изнесуваат 5.739.879,00 денари. Во гаснењето на пожарите учествувале 6.082 гасначи од кои 1.699 се вработени во ЈПНШ, а 4.383 се гасначи од други субјекти. Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола ја анализира и прикажува состојбата со настанатите шумски пожари во три категории:

- според место на настанување на пожарот;
- според количина на дрвна маса изгорена во пожарот;
- според вид на опожарена шума;

Според место на настанување на пожарот, од вкупниот број на пожари(163),
-26 пожари се настанати вон шума и завршиле вон шума при што е опожарена површина од 132,53 ха. Во гаснењето учествувале 385 гасначи, од кои 131 се вработени во ЈПНШ, а 254 се гасначи од др. субјекти а трошоците за гаснење изнесуваат 267.793ден.
Од вкупниот број на пожари(163), -38 пожари се настанати вон шума и завршиле во шума при што е опожарена површина од 1.120,96ха, а 6.087



м3 е изгорена дрвна маса. Причинета е штета од 89.019.736ден., а трошоците за гаснење изнесуваат 679.659ден. Во гаснењето учествувале 1.017 гасначи, од кои 258 се вработени во ЈПНШ, а 759 се гасначи од други субјекти.
Од вкупниот број на пожари(163), -99 пожари се настанати во шума и завршиле во шума при што е опожарена површина од 9.800,13ха, а 475.399,98м3 е изгорена дрвна маса. Причинета е штета од 1.982.411.881ден., а трошоците за гаснење изнесуваат 4.792.427ден. Во гаснењето учествувале 4.680 гасначи, од кои 1.310 се вработени во ЈПНШ, а 3.370 се гасначи од други субјекти.

Во пожарите кои што настанаа во Малешевско-Пијанечкиот регион беше зафатена црнборова шума со подмладок што претставува дополнителен горлив материјал во услови на пожар. Пожарите се разгорија при многу неповолни услови: изминат голем број на денови без

врнежи, високи температури, брзина на ветер, дополнителен горлив материјал со подмладок од борот и без шумски ред кој многу брзо се разгорува на површината и се проширува во површински пожар кој поврзувајќи сé со крошните на повисоките дрвја во шумата и преоѓа во тотален пожар. Тоталните пожари се најтешки пожари за локализирање и гаснење, бидејќи се шират многу брзо и потребно е ангажирање на голем број дополнителни сили во справување со огнената стихија.

Податоците за искажаните штети во шумата кои се презентирани во Електронскиот систем MKFFIS и од електронските Месечни извештаи за реализирани активности на шумочуварската служба, се однесуваат на штета во дрвна маса, подмладок и млади насади, односно штета на производната функција на шумата. Но покрај овие директни штети предизвикани од шумските пожари, шумата претрпува штети во однос на нејзините заштитни функции (заштита од ерозија, поплави, регулација на ниво и квалитет на воден режим, населби, објекти, комуникации и др.) и општокорисните функции на шумата (позитивно влијание на климата, врзување на јаглероден диоксид и јаглероден моноксид, создавање на кислород, заштита на биолошката разновидност, туризам и лов, одбранбена функција, рурален развој). Штетите кои што пожарите ги предизвикуваат на заштитните и општокорисните функции на шумата се непроценливи и немерливи, бидејќи со секој пожар во шума се губи по една фабрика за врзување на CO и CO2 и производство на O2, а со тоа се намалува капацитетот на шумата да ги извршува своите функции, а ослободените гасови од горењето предизвикуваат ефект на стаклена градина, што придонесува за долгогодишни последици врз животната средина, последици на здравјето на човекот и целокупниот жив свет.

Податоците за шумските пожари покажуваат дека, секаква инвестиција која е направена во областа на заштита на шумите од пожари е оправдана, значајна, а пред сé, се наметнува потреба од вложувања во оваа област, што е можно поскоро, согласно претходно стручно подготвена Стратегијата за развој на заштитата на шумите од пожари, фитопатолошки и ентомолошки појави со акционен план за реализација на мерки и проекти, која во ЈПНШ веќе постои. Со оглед на тоа што ЈП,,Национални шуми,, располага со стара и дотраена механизација, чија просечна старост е од 20-25 години, многу јасна е потребата од набавка на нова механизација за подобрување на квалитетот на производството и одвивање на производниот процес и изградба на противпожарни просеки во вештачки подигнати шумски насади, како и набавка на специјални теренски возила со вградени пумпи за гасење на шумски пожари со погон 4x4.

Набавката на современите, повеќенаменски возила ќе служи за разни интервенции во шума, со кои ќе се постигне поголема ефикасност во работењето, ќе се зголеми продуктивноста и мобилноста на работниците. Од тие причини во изминатите неколку години за прв пат по подолго време, преземени се значајни инвестициони активности во насока на обнова на застарениот возен парк и механизација.

Во текот на 2019–2020 год. согласно Годишната инвестициона програма усвоена со Одлука донесена од Владата на РСМ извршена е набавка на теренски возила-џипови: бр.15 кои служат за превоз и контрола на вработените до местото на извршување на своите задачи како и контрола на теренот, во 2020 година набавени се 5 специјални теренски возила со вградени пумпи и 10 пумпи-опрема за гаснење шумски пожари кои се вградени во теренските возила, 120 комплети заштитна опрема за локализирање и гаснење шумски пожар, кои се распоредени по подружници на ЈПНШ. И покрај остварените инвестициони вложувања во основни средства во последните години, неопходна е потребата од набавка на дополнителни основни средства (механизација, специјални теренски возила со вградени пумпи и друга опрема), со цел поголема ефикасност, продуктивност и мобилност во справување со огнените стихии, на површините под шума со кои стопанисува ЈПНационални шуми.

*Сектор за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола.*



### СЕРИЈАТА НА СВЕТСКОТО НАСЛЕДСТВО НА УНЕСКО

# „АНТИЧКИ И ДЕВСТВЕНИ БУКОВИ ШУМИ НА КАРПАТИТЕ И ДРУГИТЕ РЕГИОНИ НА ЕВРОПА“ СЕ ПРОШИРУВА СО УШТЕ 6 ДРЖАВИ ЧЛЕНКИ



Серијалот за светското природно наследство на УНЕСКО „Прашуми-девствени букови шуми на Карпатите и другите регион на Европа“ започнал уште во 2007 година со „Буковите девствени шуми на Карпатите“, кога се прогласени како светско природно наследство, односно десет области во Република Словачка и Украина. Потоа следат 5 области (компоненти) од букови шуми со прашумски специфики во Германија, кои се додадени на оваа Листа во 2011. Бројот, односно површината на овие области значително се зголемува во 2017 година, кога Листата се збогатува со уште 63 дополнителни области во 10 земји.

Со започнување на новиот повик на УНЕСКО во 2018 година за предлог букови шуми од прашумски карактер, ЈУ Национален Парк „Маврово“, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање одлучија „Длабока Река“ да ја пријават на овој повик. За таа цел се формира работна група, предводена од проф. д-р Македонка Стојановска од Факултетот за шумарски науки, пејсажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, м-р Смиљка Тенева од Министерството за животна средина и просторно планирање и претставници на НП „Маврово“ дипл. инж. Цане Петрески, Трпе Матески и Велко Лазаревски.

Овој процес беше координиран од Институтот за екологија во Клагенфурт, Виена, а траеше околу 3 години, во период во кој, работната група, најпрво требаше да подготви предлог листа за областа (компонентата) која треба да стане дел од ова светско наследство, се презентира на работните средби пред соодветен аудиториум, се даваат забелешки и коментари, за да потоа се започне со изработка на соодветниот извештај, кој се разгледува на повисоки инстанци, кој до најситен детал го анализира истиот, за на крај да следи посета на областа (компонентата) за да се евалуира вистинитоста на напишаното.

Интересно е што на овој повик беа пријавени 20 земји со 100 области (компоненти), а во 2021 година, по завршување на процесот, 6 земји (БиХ, Чешка, Франција, С. Македонија, Полска и Швајцарија) и уште 15 нови заштитени подрачја се

додадени во Листата. Оваа серија на светско наследство во моментов е најголемиот сериски имот на светското наследство. Со 94 локации во 18 земји, тоа е единственото светско наследство на глобално ниво кое поврзува толку многу составни делови. Опфаќа области во Албанија, Австрија, Белгија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Франција, Германија, Италија, Хрватска, Чешка, Северна Македонија, Полска, Романија, Република Словачка, Словенија, Шпанија, Швајцарија и Украина. Ова бара соработка преку граници и го илустрира блискиот однос на буковата шума со европската култура.

Секоја област е глобално уникатна по својот состав на климата, почвите, флората и фауната. Европската бука е исклучително прилагодлива на различни климатски, географски и физички услови. Тоа е многу конкурентен вид и се наметнува речиси насекаде: од богати варовнички до песочни почви со сиромашни хранливи материи, од планини до низини и од влажни до суви услови. Нашето светско наследство го отсликува скоро целиот спектар на видови букови шуми од планините до морето.

Длабока Река е дел од планинскиот масив Кораб и тамошните букови шуми се карактеризираат со природни процеси кои се речиси недопрени од човекот во последните 100 години. Со ова признание, тие добиваат статус на светско природно богатство, покрај древните и исконски букови шуми на Карпатите и други региони во Европа. Локалитетот поседува исклучителни природни вредности претставени преку голема биолошка и пределска разновидност. Една од основните карактеристики на овој локалитет е старата (девствена) букова шума (Fagus sylvatica) која се развива во долината на Длабока Река, со безмалку никаква човечка интервенција во последните 100 години. Локалитетот се одликува со голема биолошка разновидност, со присуство на бројни ендемични растителни и животински видови и се наоѓа во зоната за строга заштита на Националниот парк „Маврово“ и во неа се дозволени само научно истражувачки работи.

Ова значи дека и нашата држава изобилува со природни богатства кои треба да се негуваат и зачуваат, што во случајов е голема заслуга на вработените во НП „Маврово“ и љубители на природата кои се во близина на овој локалитет и секако со стручна поддршка и логистика во научните кругови од професори од Факултетот за шумарски науки, пејсажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје.

Макотрпната работа на сите учесници резултира со титулата на УНЕСКО :

БУКОВИТЕ ШУМИ ВО КАЊОНОТ ДЛАБОКА РЕКА СЕ ПРОГЛАСЕНИ ЗА СВЕТСКО ПРИРОДНО БОГАТСТВО

*проф. д-р Македонка Стојановска*
*Факултет за шумарски науки,*
*пејсажна архитектура и екоинженеринг„Ханс Ем“*



# РАНЛИВОСТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО ОДНОС НА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

Во медиумите и литературата често се нагласува дека климатските промени се нарушување на целиот природен еко систем, дека станува збор за систем на поврзани садови, и кога еден сад ќе прелее, сите останати исто така го губат балансот. Затоа, научниците почнаа да ја проучуваат ранливоста на Европската унија во однос на климатските промени, имајќи ја предвид зависноста на Унијата од увозни прехрабнени производи. Најмалку 40 проценти од земјоделскиот увоз на Европската унија ќе биде „многу чувствителен“ на суша до 2050 година, откриваат новите истражувања. Зависноста на прехранбената индустрија на ЕУ за суровини надвор од нејзините граници се однесува, на пример, на секторите за месо и млечни производи, какао, чоколади, шеќерна трска, производи на база на палмино масло, кафе, чај, соја, козметика итн.
До 2050 година проблемите со сушата значително ќе се зголемат (за 35 проценти до 45 проценти) во однос на сегашната состојба.

Шпанско-холандските научници Јоханес Хунинк, Тед Велдкамп и Ертуг Ерцин неодамна објавија студија во списанието Nature Communications, која покажува дека до 2050 година проблемите со сушата значително ќе се зголемат (за 35 проценти до 45 проценти) во однос на сегашната состојба. Тоа особено ќе се рефлектира на увозот на храна која потекнува од Бразил, Индонезија, Виетнам, Тајланд, Индија и Турција. Истовремено, увозот од Русија, Нигерија, Перу, Еквадор, Уганда и Кенија во иднина ќе биде малку помалку чувствителен на суши со оглед на различните подрачја. Студијата открива дека процесите барем делумно можат да се санираат, ако веднаш се преземат мерки за прилагодување. Но, преземањето такви мерки се очекува од најразвиените земји, но не и од оние на кои им недостасува квалитетна инфраструктура која треба да се изгради, на пример во Брегот на слоновата коска или Гана. Со оваа студија научниците сакаа да покажат дека климатските промени надвор од ЕУ исто така влијаат на тоа како се живее во унијата и се обидуваат да ги мотивираат богатите земји да вложат средства во санација на климатските промени во странство, зашто тоа „не е само прашање од хуманитарна важност или геополитичко позиционирање - во основата на европскиот економски и социјален интерес е прилагодувањето на климата да се однесува на меѓународната трговија“, се наведува во текстот на Carbon Brief.

**Глобалната економија на храната**

Помеѓу 2002 и 2020 година трговијата на ЕУ со земјоделски производи се зголеми повеќе од двојно и денес блокот увезува повеќе храна отколку што извезува. Бидејќи климатските промени сè почесто предизвикуваат и поинтензивни суши на целата планета, на многу земји им е потешко да се грижат за посевите. Тоа може да ја загрози светската прехранбена економија и да го зголеми ризикот од недостаток на одредени земјоделски производи заради што повеќе земји истовремено се соочуваат со помали приноси. Бидејќи недостатоците на прехранбени производи можат да го ублажат падот на населението - и глобално и во ЕУ - кој се очекува до 2050 година, нагласуваат истражувачите.
До 2050 година околу 60 проценти од увозот на соја ќе доаѓа од подрачја со „голема“ или „многу голема“ чувствителност на суша.
Шеќерната трска која се користи во ЕУ се одгледува во странство, а студијата открива дека повеќе од 73 проценти од увозот на шеќерна трска ќе биде „мошне чувствителен“ на суша до 2050 година. Слично, половина од увозот на кафе во ЕУ отпаѓа само на две земји - Бразил и Виетнам. Авторите на истражувањето откриваат дека 44 проценти од местата за снабдување со кафе ќе бидат мошне чувствителни на суша заради климатските промени до 2050 година, а само 28 проценти помалку чувствителни во однос на моменталните климатски услови. Како понатамошен пример, ЕУ увезува помеѓу 30-35 милиони тони соја секоја година - главно од Бразил, Аргентина и САД. (Во ЕУ се одгледуваат само 0,9 милиони тони.)

„Во ваква глобана ситуација, Европа би имала корист од насочување на вложувањата кон овие подрачја за да ги намали климатските влијанија - зашто суштината не е само во хуманитарната грижа или геополитичкото позиционирање, туку во европскиот економски и социјален интерес е да се занимава со прилагодување на меѓународната трговија на климатските услови. Креаторите на политики и компаниите од ЕУ сè уште не се помирени со тоа“. Понатаму, Carbon Brief истакнува дека неодамна ревидираната Стратегија за прилагодување на ЕУ „прв пат ја признава важноста на прекуграничниот климатски ризик“. Оваа студија „дава мошне корисен и информативен придонес“ за задачата за „пополнување на дупките во знаењето и јакнење на меѓународната соработка во однос на прилагодувањето“. Статијата исто така ги нагласува „моменталните импликации на глобалната еколошка правда на моменталните политики на ЕУ.“
Ова истражување е дизајнирано со цел да влијае во процесот на донесување на европските политики, па во таа насока и заклучува дека ако сакаме да ја заштитиме прехранбената индустрија на ЕУ, богатите земји мораат да им пружат финансиска и технолошка помош на сиромашните за да се намали ранливоста на глобалните снабдувачки ланци на климатските промени. Другите автори со кои разговараше Carbon Brief истакнуваат дека е потребен „редизајн на прехранбените и трговски политики на ЕУ, со оглед на поголемите вложувања во увоз на храна и диверзификација на пазарите, истовремено промовирајќи прилагодување на климата и чесни и етички политики во однос на храната кај добавувачите кои не се од ЕУ“.
Статијата е преземена од okno.mk: Обработка:

Соња Никчевиќ

# ОБНОВУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПОВРШИНИ ЗА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Согласно вонредната програма на ЈПНационални шуми со симболичен почеток на пошумувањето во село Теново, се означи сезоната на пошумување на опожарените површини. Во периодот кој следи ќе се пошумува и на други локации согласно планот кој Национални шуми го изготви во соработката со Владата.

Целта на пошумувањето е да се санираат штетите од пожарите кои се случија ова лето и да се зазеленат голините на планините утврдени како редовна активност за пошумување. На настанот во атарот на село Теново, во Општина Брвеница, присуствуваа Претседателот на Владата на РСМакедонија Зоран Заев, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Арјанит Хоџа и директорката на ЈП Национални шуми Јулиана Николова, како и вработени во подружницата од Лешница-Тетово.

Директорката на ЈП „Национални шуми" Јулиана Николова во својата изјава истакна дека садниците за пошумување се од домашно производство и ги исполнуваат потребните стандарди за успешно пошумување со цел обновување на овој наш важен природен ресурс, на сите површини кои во минатото биле деградирани, опожарени или зафатени со процесите на ерозија. Со оваа акција се придонесува кон еколошките заложби на државата и ЈП Национални шуми. Зголемувањето на зелените површини е од огромно значење за зачувување на биодиверзитетот, за здравјето на населението и за ублажување на ерозивните процеси и поплавите.

„Со интензивното спроведување на програмата за пошумување ќе ги обновиме зелените површини, а со тоа ќе се допринесе и за подобрување на состојбата на земјиштето, за намалување или сопирање на ерозивните процеси. Владата ќе го следи активно овој процес и во секој момент, доколку се покаже за потребно, ќе учествува во дополнување на програмата на Јавното претпријатие „Национални шуми" за посеопфатна и целосно успешна реализација на пошумувањето, изјави претседателот на Владата Зоран Заев.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Арјанит Хоџа истакна дека министерството го следи европскиот тренд кој е насочен кон еколошки мерки, користење на енергија од обновливи извори и рационално користење на природните ресурси како и нивно континуирано обновување. Грижата за шумскиот фонд, одгледувањето и рационалното користење, спречувањето на дивата и непланска сеча на шумите, обезбедува нивно трајно зачувување во насока на одржлив развој и унапредување на животната средина. Пошумувањата според планот кој ЈП Национални шуми го изготви во соработка со Владата, како и редовните пошумувања, кои произлегуваат согласно ППСШ, ќе продолжат во текот на есента и на пролет, период кој е најпогоден за зафаќање на посадените садници. Ќе се пошумува со дрвни видови кои се адекватни за теренот кој се пошумува.












ШУМИ



ФОТО:МИРЗА ЧЕНГИЌ

национални
ШУМИ
во партнерство со природата